Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 107, 15 август 2013 година

август 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен доцент во наставно-научната област право на Европската унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен доцент во наставно-научната област право на Европската унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област земјоделско инженерство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област фитопатологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 30

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Системи на квалитет и стандарди“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева и коавторот м-р Сашка Голомеова од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Нега на текстил“ од авторот доцент д-р Киро Мојсов од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 40

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот Казнено право применета програма“ од д-р Олга Кошевалиска, асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Казнено право применета програма“ од д-р Олга Кошевалиска, асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 44

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис на скрипта со наслов „Молекуларна биологија со генетика“ од доц. д-р Дарко Бошнаковски, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 46

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис на практикумот со наслов „Молекуларна биологија со генетика“ од доц. д-р Дарко Бошнаковски, асс. м-р Мишко Милев и асс. м-р Марија Караколевска - Илова, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Ортодонција 1“ од доц. д-р Стипица Поповски и асс. д-р Ана Радеска, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 51

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за практикумот „Ортодонција 1“ од доц. д-р Стипица Поповски и асс. д-р Ана Радеска, Факултет за медицински науки, стоматологија,Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 54

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 56

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „СИСТЕМИ НА КВАЛИТЕТ И СТАНДАРДИ“ (СКРИПТА) ОД АВТОРОТ Д-Р ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА И КОАВТОРОТ М-Р САШКА ГОЛОМЕОВА ОД ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ -Штип, како и Одлуката бр. 2802-35/7 од првата редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет, одржана на 12.2.2013 година, избрани сме за рецензенти за изготвување извештај, рецензија на приложениот ракопис „Системи на квалитет и стандарди“ од авторот доц. д-р Елизабета Митрева и коавторот пом. асс. м-р Сашка Голомеова наменет за студентите од прв циклус студии на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“-Штип.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Скриптата **„СИСТЕМИ НА КВАЛИТЕТ И СТАНДАРДИ“** е наменета главно за студентите од Технолошко-техничкиот факултет. Предметот се изучува во четврти семестар во втора година и ја покрива наставната материја со оптовареност 2 (два) часа неделно т.е. 24 (дваесет и четири) часа по семестар.

Податоци за обем на ракописот. Проблематиката што е предмет на обработка е претставена во текст од вкупно 157 страници, од кои на 153 страници е претставен основниот текст, на 4 страници се поместени 133 релевантни библиографски единици, од монографски единици, периодични списанија, статии, извештаи и интернет страници, во најголем дел странска литература што ги покрива подрачјата што се третирани во трудот. За полесно совладување на изнесената проблематика авторите даваат голем број шеми (56) за сè што може на сликовит начин да се претстави за полесно да се разбере и запамети од страна на читателот. Во ракописот има табели (7) за поголема прегледност на бројните податоци кои даваат јасна претстава за соодветната тематика.

Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов. Скриптата е напишана на оригинален начин и во неа е поместена теоријата на менаџментот на квалитетот. Авторите на скриптата прилично амбициозно нудат одговор на прашањата со кои се соочува современото деловно работење. Во оваа скрипта е дадено значењето и предноста од воспоставување систем за квалитет, како поле за развивање различни елементи кои овозможуваат стекнување конкурентска предност. Нагласена е потребата од континуирано подобрување на квалитетот на постоечките производи и процеси користејќи методи и техники за бездефектно работење, како и оптимизацијата на деловните процеси и анализа на трошоците на квалитет. Во оваа скрипта е потврдена неопходноста од тимската работа преку интегрирање на знаењето на вработените и покренување на мотивациски активности.

Јазикот на кој е напишана скриптата е јасен и разбирлив, а дефинициите на поимите во неа се технички прецизни.

***Краток опис на содржината***

Скриптата „Системи на квалитет и стандарди“ се состои од тринаесет тематски целини: 1. Значењето и улогата на квалитетот на производите/ услугите; 2. Еволуција на менаџментот на квалитет; 3. TQM (Total Quality Management) филозофијата; 4. Видови

стандарди, нивната примена и важноста за претпријатијата; 5. Модели на TQM стратегијата низ светот; 6. Потребата да се проектира систем за квалитет; 7. Основи за проектирање и имплементирање на систем на квалитет; 8. Менаџмент на знаење; 9. Проектирање систем за мотивацијата; 10. Менаџмент со трошоци на квалитет; 11. Менаџмент со мерниот систем; 12. Постпродажниот период на производот; 13. Различни менаџмент алатки и стратегии во управувањето со менаџмент системите.

Пред да ги истакнеме нашите оценки за трудот, како и предлогот, најнапред во скратена форма ќе ја презентираме неговата содржина.

Во првото поглавје од скриптата е опфатено значењето и улогата на квалитетот на производите/ услугите. Исто така, во поглавјето се опфатени и разработени карактеристиките и поврзаноста на квалитетот со барањата на купувачите/ корисниците, исполнување на роковите при најмали трошоци на работење.

Во второто поглавје авторите даваат приказ на еволутивниот развој на менаџментот на квалитет и зошто се јавила потребата од квалитет на деловните процеси, производите/ услугите на пазарот.

Во третото поглавјето авторите се осврнуваат на тоталниот менаџмент на квалитет (Total Quality Management - TQM) кој претставува системски пристап на управување, кој има за цел континуирано да ги унапредува вредностите за купувачот со проектирање и постојано унапредување на организационите процеси и системи. Главна поента во ова поглавје се провлекува Деминговата порака која се состои во тоа дека унапредување на квалитетот ќе доведе до намалување на трошоците, а во исто време и до зголемување на продуктивноста и учеството на пазарот. Тоа впрочем беше применето од значаен број производители кои масовно ги применувале неговите методи и техники, а со тоа постигнале висок квалитет и солидни деловни резултати. Подобрен бил квалитетот во комбинација со смалувањето на трошоците, што довело до зголемена побарувачка на јапонските производи на светскиот пазар. Тоа им дава право на авторите на овој труд да им сугерираат и на студентите и на македонските компании да го следат ваквиот пример на јапонското искуство за успешен настап на пазарот и водење постојана конкурентска борба за остварување на што поголем успех, односно привлекување поголем број потрошувачи, со цел да се оствари поголем профит.

На проблематиката поврзана со видовите стандарди, нивната примена и важноста за претпријатијата, како и проектирање и имплементирање интегрирани менаџмент системи авторите го посветиле четвртото поглавје во скриптата.

Петтото поглавје од скриптата авторите го посветиле на комплетното проучување и презентирање на многу експерти за теоријата на менаџментот на квалитетот во светот и кај нас. Во ракописот се дадени дијагнози и анализи на американскиот, европскиот и јапонскиот модел, како и постојниот модел на управување во македонските компании.

Во шестото поглавје авторите го насочуваат фокусот на вниманието кон потребата од проектирање систем за квалитет и кои пристапи за унапредување на квалитетот на деловните процеси се користат во практиката. Тоа значи потреба од реинженеринг во компаниите со радикално нов начин на мислење и работење. Во ова поглавје е нагласена потребата од надминување на традиционалното управување со процесите кое преку реактивно подобрување на процесите треба да доведе до континуирано подобрување на квалитетот на постојните производи и процеси.

Значајно внимание за основите на проектирање и имплементирање на системот на квалитет авторите посветиле во седмото поглавје, каде што ги разработуваат најважните прашања за примена на QC-CE (Quality Cycle & Cause and Effect) моделот при проектирањето на стандардните оперативни процедури, во форма на блок дијаграми, со кој може да се управуваат сите деловни процеси во компаниите, на начин на кој точно ќе се определат обврските и одговорностите на учесниците во планирањето, реализирањето, контролирањето и коригирањето (PDCA). Овде посебно место зазема примената на интерната стандардизација со што се подобрува одговорноста на вработените во реализација на деловните процеси. Посебно е обработена примената на статистичките методи и техники со кои се смалуваат дефектите во работењето, а со примената на софтверските пакети се зголемува ефикасноста во примената на истите. Понатаму во поглавјето се опфатени

анализите на трошоците на квалитет преку кои може да се контролираат загубите и истите да се сведат на минимални во поглед на потрошувачката на материјали и енергија. Несомнено е дека без посветеност на топ менаџментот кон поставените цели за квалитетот и доследноста во нивното спроведување, сите овие напори ќе бидат само трошење време и пари, а во исто време ќе ја намалат можноста за успешност на следната таква иницијатива. Авторите го насочуваат фокусот дека проектирањето и имплементацијата на системот за квалитет значи драстична промена во однесувањето на вработените, радикални промени во организационата поставеност, јасно дефинирање на правата, обврските и одговорноста на секој поединец. Менаџерскиот кадар во претпријатието со својата добра волја и упорност треба да ги вклучи сопствените човечки ресурси, со формирање тимови од сите профили, интегрирајќи ги нивните знаења за да се постигне целосно владеење со квалитетот во сите процеси на претпријатијата, при најмали трошоци на работење. На ваков начин ќе се овозможи навреме да се спречат можните дефекти, навреме да се елиминираат проблемите со отстранување на евентуалните причини. Вообичаениот отпор и страв од промените бргу се надминува и се наметнува силна желба за промена на постојната состојба, со нов пристап кон квалитетот, со целосна посветеност спрема клиентот, вработените, околина и државата.

Теоријата на разбирање (поимање): концепт кој ги објаснува знаењето и границите - доживотното учење, авторите го разработиле во осмото поглавје каде што се осврнуваат на основните начела на стекнување знаење и способност за развој базиран на знаење. Авторите укажуваат на фактот дека еднаш осознаените и усвоените менаџерски вештини и постапки немаат траен и непроменлив карактер и природа, како варијабли, туку тие се менуваат согласно со условите, можностите и барањата на опкружувањето. Без образование за овие области и континуирано образование најпрво на менаџерите, а потоа преку нив на сите вработени, не би можело да се примени методологијата за TQM и покрај тоа не би можеле да се оценуваат наведените придобивки од системот за квалитет.

Познавање на психологијата - сфаќањето на човековата природа е содржано во деветтото поглавје од скриптата. Покрај образованието, мотивацијата и проектирањето систем на мотивација е исто така значајна моторна сила за остварување на системот за тотален менаџмент на квалитет.

Во десеттото поглавје авторите ја разработуваат проблематиката на менаџмент со трошоците на квалитет. Понатаму во поглавјето се опфатени врските помеѓу оптимизацијата на вкупните трошоци на работа, реинженерингот на деловните процеси и важноста на управување на деловните процеси во организацијата.

Прашањето на менаџмент со мерниот систем е содржано во единаесеттото поглавје од скриптата. Во него се разработени мерните механизми преку кој секојдневна практика на секој вработен не треба да биде самоконтролата во работењето, туку вработените мора да бидат обучени да дејствуваат превентивно, а не да се окупирани со детекција; мора да добијат одговорност и моќ да ги коригираат своите грешки и да го изнесуваат секој проблем во врска со квалитетот што ќе го откријат.

Постпродажниот период на производот е обработен во дванаесеттото поглавје. И во оваа поглавје се разработува однесувањето на купувачите по купувањето на производот. Значајно место е посветено и на постпродажната поддршка на производот, каде посебно место зазема постапката за враќање на производот или сервис/ замена на дефектните производи.

Во последното тринаесетто поглавје се опфатени различните менаџмент алатки и стратегии во управувањето со менаџмент системите. Една од тие е Бреинсторминг (BRAINSTORMING) менаџерската алатка за генерирање идеи и дијаграм на афинитет или сродност. Посебно е обработена стратегијата на Шест сигма, како и развој на функцијата на квалитетот, QFD (Quality Function Deployment). Понатаму во поглавјето се опфатени и други стратегии како  бенчмаркинг (Benchmarking) стратегијата во опстојувањето на пазарот, KAIZEN - менаџерската филозофија за континуирано подобрување и FMEA (Failure Mode Effects Analysis) анализата за начинот и влијанието на грешките.

## ЗАКЛУЧОК

Оваа скрипта претставува уште еден обид на авторите да претставaт научен материјал со висок квалитет во кој се даваат можности за стекнување пошироки знаења од областа на менаџмент со квалитет.

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека предложениот ракопис за интерна скрипта по предметот „Системи на квалитет и стандарди" е сосема во согласност со студиската програма и наставниот план на Технолошко-техничкиот факултет. Скриптата од педагошки и научен аспект го поседува потребното ниво соодветно за студентите на прв циклус студии. Според наши сознанија, ваква скрипта која по обемот и содржината, на оригинален начин, разработува примери, прашања и нуди решенија, а која одговара на предвидената наставна програма по предметот „Системи на квалитет и стандарди" на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип не е објавена.

Согласно со ова, на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип со задоволство му ја препорачуваме скриптата „Системи на квалитет и стандарди" **од авторите д-р Елизабета Митрева и м-р Сашка Голомеова да ја прифати како ИНТЕРНА (РЕЦЕНЗИРАНА) СКРИПТА.**

Скопје, февруари 2013 г.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Виолета Чепујноска, редовен професор во пензија,**
**Технолошко-металуршки факултет - Скопје**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, с.р.**
**Д-р Горан Дембоски, редовен професор,**
**Технолошко-металуршки факултет - Скопје**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, с.р.**